Број: 0302 - 148
27.05.2024 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за
Внатрешна ревизија,
Финансии, Сметководство

**Предмет**: Покана за Обука од областа на внатрешната ревизија

Почитувани,

Здружението на финансиските работници почитувајќи ги потребите и барањата на внатрешните ревизори за одржување обуки и постојана професионална надградба од областа на внатрешната ревизија ја продолжува долгодишната практика на обезбедување високо квалитетни меѓународни и домашни експерти и организирање обука. Селектирајќи актуелни теми од областа на ревизијата, Здружението на финансиските работници со задоволство ве поканува на обуката на тема:

**„ПОСТОЈАНАТА НАДГРАДБА НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ ПРЕДУСЛОВ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕВИЗИИ“**

Обуката ќе се одржи во периодот од 17 до 20 јуни 2024 година во хотел „Дрим“, Струга. Регистрацијата на учесниците на обуката е од 9.30 до 10.15 часот, а почетокот е во 10.30 часот на 17 јуни 2024 година.

Обезбедените реномирани меѓународни сениор експерти со повеќе од 30 годишно практично искуство од областа на внатрешната ревизија во јавниот сектор и јавната финансиска контрола:

- **John Lammerding** од Холандија
- **Dirk Knol** од Холандија,

се гаранција за одржување високо квалитетна обука, обезбедување размена на информации и добри практики.

Обуката е дизајнирана како интерактивна средба, со практични сесии на кои учесниците ќе разменуваат знаења и искуства и ќе решаваат практични примери на следните теми:

- **Програма/елементи за ревизија (со примери)**
- **Фази на планирање на ревизија**
- **Пристапи на ревизија**
- **Праг на материјалност**
- **Идентификација на ризици и контроли**
- **Дефиниција и евалуација на грешка**
- **Техники на интервјуирање, ефективна комуникација и значење на интервјуата**
- **Техники на земање примерок/методи, избор на примерок (студија на случај)**
- **Ревизорски извештај (студија на случај од Холандија); пишување, факти, структура и стил на пишување)**
- **Ревизија на успешност (стандарди, планирање, цели, опфат, прелиминарно истражување)**
- **Наоди и препораки**

Искористете ја оваа исклучителна можност да учествувате на обуката, да ги надградите своите знаења и практични вештини и да размените информации за областите од обуката.

**Учесниците ќе добијат Сертификат за учество на обуката.**

**Надоместокот за присуство на обуката по учесник изнесува 8.000 денари со вклучен ДДВ** во кој се содржани: надоместок за работни материјали, електронска верзија на презентациите кои на учесниците ќе им ги доставиме на емаил; освежување и кафе за време на паузите. Котизацијата можете да ја уплатите на име на:

**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број МК4004997107233.**

**Пријавување учество за обуката:**

Во функција на добро организирање на обуката, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на обуката ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@t.mk Формуларот Пријавите за учество на обуката и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

**Транспортот и сместувањето се на товар на учесниците.**

**Резервирање на сместување:** Заинтересираните учесници потребно е благовремено да извршат резервација за сместување во хотел „Дрим“ – Струга, на тел.: 070/347-269 и email: sales@drim.com.mk

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од обуката.

Со почит,

**Извршен директор**
м-р Зоран Јанкуловски